РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09-3644/3
01-12-2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), постапувајќи по анонимна пријава со наводи за постоење на судир на интереси, на 42 та седница, одржана на 27.11.2020 година, ДКСК донесе

# Одлука

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-3644/1 од 23.07.2019 година доставена од непознат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-3644/1 од 23.07.2019 година.

Предметот со број 09-3644/1 од 23.07.2019 година да се затвори и да се архивира.

## Образложение

Предметот со број 09-3644/1 од 23.07.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава, со наводи дека лицата: ----, --------, ---------, ----------, ------------, ----------, ------, --------, --------, --------, сите од -----, во периодот кога извршувале јавни овластувања и должности, вработиле или извршиле влијание за вработување на свои блиски лица.

Исто така, во пријавата е наведено дека нивните блиски лица добиле поволности за добивање на државно земјиште. Меѓутоа, во самата пријава не е навдено за кои блиски лица се работи, само има наводи за избрани или именувани лица како во вршеле влијание за вработување на свои блиски лица, им се зголемувал имотот не законски и сл.

Државната комисија, на седницата одржана на ден 27.11.2020 година констатира дека, поради тоа што во пријавата нема доволно податоци за кои конкретни лица станува збор, но и поради фактот што овие активности биле извршени пред 2016 година, покренување на било какви иницијативи за утврдување одговорност на конкретни лица е без предметна бидејќи за секое незаконско постапување постои период на застареност доколку навремено не се преземат соодветни мерки за нивно санкционирање. Поради фактот што се работи за вработувања, преземање на мерки кон одговорни лица за незаконско постапување застарува во рок од една година од преземањето на дејствието, ДКСК нема надлежност за поведување

постапка за утврдување одговорност согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик претседател,
Софка Пејовска Дојчиновска

По заклучок на ДКСК,
Изработил: К.З., советник
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК